Основна цел на проектот е дефинирање интегрирана рамка за оцена на состојбата на училиштата која базира на три индикатори, сеизмичка сигурност, енергетска ефикасност и, имајќи ја во предвид специфичната општествена функција на овие градби, нивната социо-економска повредливост. Имплементацијата на методологијата е на репрезентативен сет од училишни објекти (> 150) во неколку карактеристични делови од земјата, со што се обезбедува регионална димензија и инклузивност. Како резултат на дефинираниот интегриран индикатор на однесување, во рамки на проектот, врши рангирање на објектите и нивна приоритизација за зајакнување на конструктивните системи кое базира на современ методолошки пристап кој во себе ги интегрира и сеизмичките барања и барањата за енергетска ефикасност. Врз основа на вака утврдениот степен на ранливост и приоритизација на објектите, се спроведува студија на случај за најранливото училиште согласно имплементираната приоритизација. Во контекст на обезбедување на функционалноста, одржливоста и пред се на сигурноста и безбедноста на училишните објекти, а во правец на градење на отпорни и паметни училишта, се проектира и имплементира систем за следење на сеизмички и климатски параметри на избрано училиште, со соодветна сеизмичка сигурност и енергетска класа - приоритизирано меѓу најдобрите согласно развиената холистичка рамка. Оваа активност претставува оригинален концепт, со мултидисциплинарен приод, кој за прв пат треба да биде применет на објект од образовната инфраструктура во нашата земја.

Како хоризонтална активност, во рамки на проектот се дизајнира дигитална алатка со предефинирани атрибути поврзани со индикаторите на однесување на селектираниот сет на објекти, чиј краен корисник ќе биде МОН и истата ќе служи како основа за креирање на стратегии и политики во правец на градење на отпорни и паметни училишта. Преку централизирана и објективна обработка на податоци, алатката директно ќе придонесе кон поефикасно донесување на одлуки и ќе ја зголеми безбедноста на образовната инфраструктура, не само во рамки на проектот туку и долгорочно, во национален контекст. На ваков начин се внесува дополнителен момент на иновативност, а во склад со идентификуваниот клучен стратегиски приоритет на нашата земја-дигитализација на општеството, вклучително и на секторот образование.